# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2023



**ЛАГ АГРО ЛИДЕР цели да обезбеди услови за постигнување подобра иднина за руралните области, со просперитетни бизниси и просперитетни заедници.**

**Во соработка со јавните, приватни и граѓански сектор преку заеднички иницијативи и искористување на ендогениот потенцијал на територијата на ЛАГ АГРО ЛИДЕР даваме придонес за социо-економскиот раст и одржлив развј на руралните заедници.**

Здружението ЛАГ АГРО ЛИДЕР претставува јавно - приватно партнерство и го опфаќа јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на територијата на општина Долнени, Кривогаштани.Крушево и рурален дел на општина Прилеп.

Здружението за рурален развој Локална Акциска група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани е доброволна, непрофитна, невладина, непартиска организација која преку информирање, едукација и мобилизација на заедницата делува за подобрување на квалитетот на животот во руралните области со спроведување на локални иницијативи и проекти од областа на земјоделство и рурален развој, социјална заштита и антидискриминација, млади, економски и одржлив развој, заштита на животната средина, спорт и култура.

***Вредности и принципи***

ЛАГ АГРО ЛИДЕР во своето работење се води од следните вредности:

- Интегритет на организацијата и нејзиното целокупно работење,отчетност и транспарентност,
- Посветеност на целите, услугите кон граѓаните и институциите на територијата на ЛАГ АГРО ЛИДЕР во процесот на унапредување на демократијата и граѓанското општество,
- Партиципативност на граѓаните во градење на демократско општество,
- Тимска работа, градење на одговорност, конзистенстност и компетентност на вработените,
- Професионалност, респектибилност и квалитет во спроведување на проектните активности,
- Градење партнерства и соработка со други национални и интернационални организации, заради остварување на заеднички цели.

Локалната Акциона Група АГРО ЛИДЕР делува согласно Статутот и Стратегијата за локален развој воден од заедницата преку соодветно дефинирани организациски структури кои ги сочинуваат членови на ЛАГ АГРО ЛИДЕР избрани согласно Правилникот за поблиските услови за запишување во евиденцијата на локалната акциона група, постапката за упис, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РС Македонија.

Собраните на ЛАГ АГРО ЛИДЕР брои 25 членки.

Претседател на ЛАГ АГРО ЛИДЕР е г-ѓа Даниела Цветаноска

Управен одбор

| Име и презиме | Позиција | Година на назначување |
|---|---|---|
| Даниела Цветаноска | Претседател | 2023 |
| Марина Тошеска | Член | 2023 |
| Татјана Хасану | Член | 2023 |
| Сајда Хасановиќ Мујовиќ | Член | 2023 |
| Саткија Мифтароски | Член | 2023 |
| Александар Мацов | Член | 2023 |
| Даниела Крстеска | Член | 2023 |
| Катерина Паскоска | Член | 2023 |
| Дејан Џокоски | Член | 2023 |
| Сања Димеска | Член | 2023 |
| Дејан Штаргоски | Член | 2023 |

Надзорен Одбор

| Име и презиме | Позиција | Година на назначување |
|---|---|---|
| Никола Мариновски | Член | 2023 |
| Михајло Николоски | Член | 2023 |
| Емран Саитоски | Член | 2023 |

# Европска иднина за младите од руралните средини

- Проектот започна во октомври 2020 година и трае до април 2023 и се спроведуваше на територијата на 7 земји со 10 проектни партнери - Хрватска, Естонија, Унгарија, Италија, Македонија, Србија и Словенија
- Проектот EFYRA има за цел да одговори на еден од најголемите предизвици со кои се соочува рурална Европа: одливот на млади луѓе од руралните области.
- Во текот на имплементацијата на проектот беа организирани 5 тематски настани. Предизвиците ги покренаа самите млади луѓе, но и поединци кои се директно вклучени во животот и работата на младите во руралните средини, како што се бизнисмени, претставници на локални власти, училишни институции, непрофитни организации кои работат со млади луѓе итн.
- Фокусот на EFYRA е да ги идентификува основните причини за миграцијата во земјите на проектот:, преку заедничка дискусија меѓу проектните партнери и да развие предлози за спречување на миграцијата на младите преку активни работилници

## Национална платформа за женско претприемништво

- Потпишани декларации со градоначалници од Пелагониски плански регион за поддршка на женското претприемништво

- Формиран Совет за женско претприемништво во Битола, финансиски поддржан од општина Битола





## Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените

- Политички мобинг – дел од Законот за заштита од вознемирување на работно место

**Придобивки од иницијативата:**

- Намалување на насилството на жените на работните места во насока на унапредување на родовата еднаквост, посебно во однос на обезбедување еднакви можности и недискриминација на жената на работното место

- Разгледување на насилство врз жените на работните места како родово базирано насилство врз жените на работното место

- Разбирање на концептот за политички мобинг, видовите на негово манифестирање, како и разбирање за тоа кои институции се надлежни да постапуваат во обезбедувањето на заштита на работникот во случај на политички мобинг

# Европско движење на експерти за ран детски развој

ЛАГ АГРО ЛИДЕР во партнерство со Centro Sportivo Italiano како водечки партнер и SCF – Италија, Iasis – Грција, SSF – Шпанија, и Бест – Австрија го спроведуваа проектот Европско движење на експерти за ран детски развој поддржан под Еразмус+ спорт програмата.

Проектот European Early Childhood Movement Experts се фокусира на вклучување на децата во значајни физички активности дизајнирани од експерти за ран детски развој, за да се даде придонес за активен и здрав начин на живот.

ЦЕЛ – Креирање на европска програма за обука за различни видови професионалци кои работат во институции/организации за ран детски развој и образование за деца во предуилишна возраст.

РЕЗУЛТАТИ И ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ

- O1: Истражување

- O2: Изработка на материјали за обука за едукатори кои работат со деца во предучилишна возраст за зајакнување на нивните професионални компетенции

- O3: Имплементација на меѓународни и локални курсеви за обука

- O4: Евалуација на влијанието на курсот за обука и адаптација на материјали од курсот за обука

- Водич со добри практики за активности со деца во предучилишна возраст за активен и здрав начин на живот.

Времетраење на проектот: 1 јануари 2021- 30 јуни 2023



# Подобрување на дијалогот за поголема финансиска транспарентност на општините, со фокус на парафискалните давачки

**Цел на проектот** е подигнување на транспарентноста, креирање регистар на парафискални давачки и зголемување на соработката со засегнатите страни и локалните самоуправи.

Проектот ќе се фокусира на следниве резултати:

• Креиран регистар за парафискални давачки во општината и препораки за нивна оптимизација за да се подигне локалната конкурентност;

• Зголемена транспарентноста на општината, преку поддршка во прибирање и обработка на податоци за фискалната транспарентност на општината на едно место;

• Можности за зголемување на капацитетите за: финансиска транспарентност на буџетот; парафискални давачки; јавни набавки; мониторинг; застапување; и градење партнерства

• Зголемена соработка со засегнатите страни (невладин сектор, бизнис сектор, млади и сл) преку воспоставување на механизам заснован врз докази на повеќе засегнати страни за дизајнирање и следење на финансиската транспарентност на општините

• Креирање анализи на ниво на ЕЛС

• Можност за промоција на постигнувањата на општината во фискалната транспарентност.

Проектот го спроведува Мрежата ФИСКАСТ, претставувана од Finance Think – Институт за економски истражувања, Скопје, АГОРА – Центар за промоција на граѓански вредности, Скопје, Квантум Прима – Здружение за економски и политички истражувања и анализи, Кавадарци, и ЛАГ Агро Лидер – Здружение за рурален развој, Кривогаштани со финансиска поддршка од Делегација на Европска Унија во Северна Македонија

**Време на реализација:** 01.01.2021 до 30.06.2023






# Родовиот аспект во развојните програми и буџет на општина Кривогаштани

Локалната Акциона Група АГРО ЛИДЕР како организација на која стратешка цел и е промовирање и достигнување на родова еднаквост во руралните средини, ги насочи своите активности кон анализа на степенот до кој имплементацијата на локалните програми и буџетот на Општина Кривогаштани ја интегрираат родовата перспектива, проследено со анализа на приоритетите на граѓаните на општината, идентификување на предизвици и давање на препораки за креирање на родово-специфични програми, политики и интервенции кои најдобро може да ги адресираат и елиминираат родовите разлики на локално ниво.

Во рамките на проектните активности беше изготвен документот Интегрирање на родовата перспеткива во локалните политики и програми на општина Кривогаштани кој опфати теренско истражување и фокус групи со населението во општина Кривогаштани врз кој се засноваат детектираните предизвици и предлозите за идни локални активности и мерки.

Врз основа на сеопфатна анализа беше подготвен план за застапување и лобирање и заедно со претставниците на Советот на општина Кривогаштани и општинската администрација се делуваше на креирање на локални политики и програми и буџет кои се трудат да одговорат на потребите и на мажите, и на жените во општина Кривогаштани притоа создавајќи еднакви можности за пристап до ресурси, еднаков пристап до можности како и еднаков пристап до придобивките кои ги носалт локалните политики и буџет.

Времетраење на проектот: 25.03.2022-24.03.2023

Со поддршка од проектот „НИЗ ЖЕНСКИ ЛЕЌИ: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ “спроведуван од  Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) заедно со проектните партнери ЕХО од Штип, Рурална Коалиција од Куманово, Лулуди и Новинари за Човекови Права од Скопје, со финансинсиска поддршка од Европската Унија.





# Градината во нашата градинка

Проектот ГРАДИНАТА ВО НАШАТА ГРАДИНКАкој е насочен кон промоција на еколошкото образование како суштински дел од учењете во раното детство, промовирајќи ја еколошката едукација фокусирана на градина како ефективен методи за учење за природниот свет преку активности и игра, и создавање на здрави навики кај најмладите,

Во заеднички активности со воспитно-образовниот кадар од градинката, претставниици на граѓанскиот сектор и ученици од училиштето, се создадоа можности за еколошко образование низ кое најмладите ќе развиваат еколошка и етичка свест, и посветеност да се вклучат во одговорно индивидуални и кооперативни акции.

Во рамките на проектот се спроведоа следниве активности:

- ✓ потпишување на Меморандум за соработка помеѓу ЛАГ АГРО ЛИДЕР и ЈУДГ Весело Штркче Кривогаштани за заеднички активности во рамките на проектот.
- ✓ Поставен пластеник и засадени растенија и цвеќиња во дворот на градинката “Весело Штркче” во Кривогаштани
- ✓ Во соработка со едукаторите во градинката спроведена е едукативна програма за најмладите која ги опфати следните теми
  - Зошто ни е важна животната средина
  - Како можеме да се грижиме за растенијата ( зеленчукот,овошјето, цвеќињата)
  - Придобивките од имањето градина во градинката и заштитата на животната средина, како и начинот на засадување на растенија и нивно одгледување.

Тимот на градинката ја прошири својата едукативна програма и заедно со најмладите во текот на целата година ќе засадуваат растенија, ќе се запознаат со здрави животни навики и здрав начин на исхрана, ќе се вклучат во одгледување на различни видови зеленчук, овошје и цвеќиња, и ќе уживаат во убавините и плодовите на градината во нивната градинка.

Времетраење на проектот: 10.07.2023 до 09.10.2023







# Саем на земјоделски производи по повод 15ти Октомври – меѓународниот ден на руралните жени

Преку обезбедената поддршка од страна на SWG **PEOPLE TO PEOPLE ACTIONS/EVENTS** и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Локалната Акциона Група АГРО ЛИДЕР организираше **Саем на земјоделски производи и Домашно.мк** кој се одржа на 14ти Октомври (сабота) со почеток во 10 часот во Старата чаршија (Градскиот Саат) во Прилеп.

Над 20 земјоделски производители ги изложија своите производи како органски производи, слатка и џемови, мед и медни производи, ајвари и макала,маџун,чаеви, овошни напитоци, кравјо и козјо сирење, украсни тиквички, пекарски производи, ѓомлезе, природна козметик и многу други производи. Овој настан ги обедини жените-земјоделки од Крушево, Кривогаштани, Ресен, Вардарскиот Регион и Поречкиот кои ги промовираа своите здрави и вкусни производи.

Саемот беше збогатен со културно-уметничка програма изведена од страна на Културно уметничкото друштво “Мирче Ацев” од Прилеп.

За децата беше организирано забавно катче во соработка со СОУ “Орде Чопела” Прилеп каде низ едукативни игри се запознаваа со земјоделските производи и здравата исхрана, а за збогатување на програмата на настанот се погрижи младинскиот музички Бенд Библиотека.

Оваа манифестација ги претстави руралните жени како двигатели на земјоделството и руралниот развој потенцирајќи го нивното значење за социо-економскиот развој преку промовирање на нашите културни и традиционални вредности.






# Green up yourself

Проектот GreenUpYourself е европски проект поддржан од програмата Еразмус+, предводен од шпанската фондација Fundación Santa María la Real, во партнерство со партнер органзациите CIAPE - Italian Permanent Learning Centre Италија, IED Institute of Entrepreneurship Development Грција, CARDET Кипар, STEP Instutite Словенија и ЛАГ АГРО ЛИДЕР.

Проектот претставува иновативна иницијатива за промовирање на зеленото претприемништво помеѓу младите во руралните средини, преку кој ќе се создадат можности за развој на зелени бизниси низ идеите на младите од руралните средини.

Проектот Green Up Yourslef има за цел да го промовира претприемништвото и вработливоста на младите луѓе кои живеат во руралните sredini во Европа, преку обука за зелени и претприемачки вештини и промоција на зелено претприемништво.

Целите кои се очекува да се постигнат по завршувањето на проектот се:
● Идентификација на потребите за обука, зелени вработувања и добрите практики поврзани со зеленото вработување во Европската унија
● Развој на програма за обука и иновативни дигитални алатки за промоција на зелени вештини и претприемништво за младите
● Обучени професионалци кои работат со млади луѓе за зелени и претприемачки вештини
● Промовирање на вработливоста на невработените млади од руралните средини на Европската Унија, преку обука за зелени вештини, промоција и свесност за зелените можности за вработување,
● Промоција на вмрежување на европско ниво и поддршка на други субјекти кои работат на подобрување на вработливост на ранливи групи на луѓе и промовирање на зелено вработување,
● Подигнување на свеста кај населението на Европската унија за прашања поврзани со вработувањето и зеленото претприемништво и новите пазарни можности во руралните области.

Активности

• Истражување за можностите за вработување и потребите за обука на младите кои живеат во руралните средини во однос на зеленото претприемништво.
• Креирање на модул за обука за вработување и зелено претприемништво.
• Создавање на виртуелна платформа за учење за промовирање зелено вработување и претприемништво.
• Обука на млади луѓе и професионалци за пилотирање на развиените алатки.
• Развој на кампања за подигање на свеста на оваа тема во ЕУ.

Времетраење на проектот 01.03.2023-28.02.2025

# NEWSLETTER

**N. 1 - October 2023**

Green Up Yourself

**Green Up Yourself is new Erasmus Plus project that promotes employment and entrepreneurship in the green sector among young people in rural Europe through training in green and entrepreneurial skills, as well as through the promotion of green entrepreneurship**

The **Objectives** that are expected to be achieved are:

- Identify training needs, green employment niches and good practices related to green employment in the EU.
- Develop a training programme and innovative digital tools for the promotion of green skills and entrepreneurship for young people.
- Train professionals working with youth in green and entrepreneurial skills for young people.
- Promote the employability of young people, located in European rural areas, through training in green skills, promotion and awareness of green employment opportunities.
- Promote networking at EU level, and support to other entities working to improve the labour insertion of vulnerable groups and the promotion of green employment.
- Raise awareness among citizens on issues related to employment and green entrepreneurship, and emerging market niches in rural areas".

**IN THIS ISSUE**


THE PROJECT

KICK OFF MEETING

THE RESEARCH

NEXT STEPS





## The research phase

A **desk and field research** has been conducted by project partners in the last months to identify the training needs in relation to green and entrepreneurial skills among young people. **Key finding** are presented as follows:

- A proportion of young people are unable to identify whether they have green and entrepreneurial skills and/or are unaware of the existence of such training. In addition, there is a greater lack of confidence among young women to consider participating in green jobs.
- Existing training is considered to be outdated in education systems and too specialised when provided by companies. In fact, the most predominant training is characterised by being online, theoretical and not very practical.
- Training in green and entrepreneurial skills is demanded by rural youth, although not as a priority compared to other employment services. At the same time, these skills are highly valued by the experts interviewed when it comes to favouring employment opportunities for young rural people.
- There is still a predominant need for counselling and support services for both training and green entrepreneurship opportunities, especially due to their dynamic nature.
- There is still a need for more information on the opportunities offered by the green labour market among young people. In this respect, it is also necessary to continue to promote the job opportunities of green entrepreneurship.
- More work is still needed to ensure that green working environments offer real opportunities for social inclusion.



## MORE ABOUT THE PROJECT AND NEXT STEPS

The project involves the following entities: **Fundación Santa María la Real** (Spain), **CARDET** (Cyprus), **CIAPE** (Italy), **STEP** (Slovenia), **IED** (Greece) and **LAG AgroLider** (North Macedonia).

The partners will meet in **Italy** in November to discuss about the creation of the platform which will host the training programme designed to promote the employability of young rural people in green jobs and entrepreneurship.

# Акција во Од: Мониторинг, оценка и предлози за антикризни мерки во услови на тесен буџет

Општата цел на акцијата е да ги анализира и следи буџетските трошења за антикризните мерки, на национално и локално ниво, и да предложи модификација и/или нови мерки во услови на нагласена потреба од рационализација на трошењето на јавните пари.

Специфичните цели на акцијата вклучуваат:

1. Да направи анализа и мониторинг на буџетското трошење за постојните антикризни мерки, во три сегменти: 1) мерки за заштита на стандардот на граѓаните, на национално и локално ниво, 2) мерки за помош на фирмите, 3) мерки во делот на земјоделието и обезбедувањето храна, а во контект на ефективно и ефикасно трошење на народните пари;
2. Да даде предлози за модификација на постојните и нови мерки, врз основа на потребата за нивна насоченост/ таргетираност и за рационализација на буџетското трошење во услови на „скапи пари“;
3. Да ја подигне јавната свест за потребата од фискална консолидација и рационално трошење на јавните пари во услови на повеќекратни кризи.

Донатор: Цивика Мобилитас

Времетраење: 01.01. – 31.10.2023






# Енергетско ефикасни практики како решение за климатски промени

Проект под водство на Македонската асоцијација за соларна енергија "Солар Македонија" во партнерство со ЛАГ АГРО ЛИДЕР Кривогаштани и Избор Струмица.
 ќе делува за намалување на влијанието на климатските промени преку примена на обновливи избори на енергија.

Општа цел: Зголемена енергетска независност на граѓаните и намалени криматски промени
Проектот има зацел да придонесе за намалување на влијанието на климатските промени преку примена на обновливи извори на енергија.

Специфични цели:
-Зголемени познавања за инвестиции во енергетско ефикасни уреди
- Зголемување на “зелените” вештини кај ранливите групи
- Зголемена примена на обноливи извори на енергија во руралните заедници

Времетраење 10 месеци, февруари 2023 – октомври 2023

Во рамките на проектните активности од страна на ЛАГ АГРО ЛИДЕР беше оставерена соработка со СОУ “Орде Чопела” Прилеп каде беше обезбедена донација на опрема за ЕКО КАТЧЕ и мерни инструменти.
Потпишани беа Меморандуми за соработка со Општина Долнени, Општина Градско и општина Кривогаштани и изработени позициони документи за Енергетско-ефикасни практики во земјоделството со препораки за подобрување на локалните политики за поддрка на земјоделските стопанства за акции и митигации за климатски промени.

Активностите се поддржани од Проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“ предводен од Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест, во соработка со Македонското здружение на млади правници(МЗМП) и Организација за поврзување на природни вредности и луѓе (CNVP), а финансиски подржан од Владата на Шведска.






# Промените започнуваат на локално ниво

Скриената економија е мултидимензионален феномен чие движење зависи од обемноста на законската регулатива, недостигот на фискална и даночна дисциплина, степенот на сложеност на процедурите за регистрирање на деловни субјекти, поставеноста на пазарот на труд како и од ефикасноста на инспекциските служби и ресурсите со кои располагаат. Имајќи го ова предвид, **скриената економија не може прецизно да се измери и да се процени** најзиниот удел во севкупната економија на државата, а тоа пак **предизвикува сериозни проблеми во планирањето на економските и социјалните политики**.

За таа цел, ЛАГ Агро Лидер започнува со имплементација на проектот „Промените започнуваат на локално ниво" кој што се спроведува со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан.

Општа цел на проектот е да се зголеми вклученоста на граѓаните и граѓанските организации преку обезбедување на статистичка слика за степенот и составот на неформалното вработување во земјоделскиот сектор во Пелагониски регион и фокус на работниците кои имаат тенденција да бидат невидливи и меѓу најранливите

Специфични цели:

- Овозможување подобар увид во клучните економски случувања во општините во Пелагонискиот регион

- Идентификување на неформалните работници во земјоделскиот сектор во Пелагонискиот регион

- Создавање на предуслови за подобрена финансиска одржливост на општините и продлабочена децентрализација во земјава.

Со имплементација на активностите следниве резултати ќе бидат постигнати ;

1. Формирана мрежа на граѓански организации како тим за мониторинг, истражување и анализирање на состојбата со скриената економија во земјоделството

2. Идентификувани недостатоци и генератори на скриена економија во земјоделскиот сектор во Пелагонискиот регион

3. Подготвени јавен документ со препораки и индикатори за секој аспект на скриената економија во земјоделскиот сектор

4. Одржана средба и прессконференција со претставници на институции и општини за степенот на скриена економија во земјоделскиот сектор во пелагониски регион

5. Создадени предуслови за подобрена финансиска одржливост на општините во Пелагонискиот регион, што ќе придонесе до финансиски постабилни и понезависни општини

Проектот ќе се реализира во периодот од 01.05.2023 – 30.04.2024.

Финансиски поддржан од регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан. имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.





# Земјоделско претприемништво за млади со посебни потреби

24-месечен проект ARABLE вклучува 9 искусни партнерски организации во 3 земји-членки на ЕУ (Грција(2) и Хрватска), 2 трети земји поврзани со Програмата (Лихтенштајн и Северна Македонија) како и 4 трети земји кои не се поврзани со Програмата – Јужен Медитеран / Регион 3 (Тунис, Мароко, Египет и Јордан) за поддршка на инклузивни и одржливи идни општества, преку зајакнување на младите кои се соочуваат со попреченост, да стекнат вештини за претприемништво, да се вклучат во одржливо земјоделско претприемништво преку опфатна наставна програма која одговара на нивните потреби и интереси .
За да се постигне горенаведената цел, ARABLE предлага имплементација на искуства за учење на младинските работници, истражувачки активности за најдобрите практики меѓу 10 земји и транснационални организациски состаноци, што резултира со развој на ARABLE преодна база на податоци и е-Водич за најдобри практики, техники за обука , стапки и упатства и Отворена онлајн средина за учење за земјоделско претприемништво за млади со посебни потреби.

Преку овој проект имаме за цел да поддржиме инклузивни и одржливи идни општества, преку зајакнување на младите кои се соочуваат со попреченост и живеат (или не) во рурална средина, да стекнат претприемнички вештини за да го изградат својот (агро) бизнис преку опфатна наставна програма што одговара на нивните потреби и предизвиците со кои се соочуваат. Нашата цел е преку нашата транснационална соработка да ги подигнеме нашите капацитети во областа на образованието, со користење на неформални образовни методи со главна цел да развиеме дигитален едукативен материјал за зајакнување на младите луѓе со попреченост и нивно обучување за одржливо земјоделско претприемништво, на некој начин. што одговара на потребите и интересите на лицата со посебни потреби во инклузивни поставки.

Времетраење на проектот: 01.01.2023 – 31.12.2024

Проектот е поддржан од програмата Еразмус+ и ЕУ







# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

## Најуспешна граѓанска организација – добри практики 2023

ЛАГ АГРО ЛИДЕР е добитник на наградата „Најуспешна граѓанска организација – добри практики 2023“
ЛАГ АГРО ЛИДЕР ја доби оваа награда како признание за постигнати значајни резултати и достигнувања за поттикнување и зајакнување на женското претприменииштво во локалната заедница.







## Решение за Локална Акциона Група според Европскиот LEADER/CLLD пристап

ЛАГ АГРО ЛИДЕР заедно со седум Локални Акциони Групи добија решенија од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со што се препознаени како Локални Акциони Групи.
Локалните акциони групи и ЕУ ЛЕАДЕР забележуваат позитивни резултати во земјите на ЕУ и се двигатели на одрживиот развој во руралните средини.

Ние, веќе 10 години се залагаме за препознавање и поддршка за локалните акциони групи за заедно да го предводиме развојот во заедницата согласно ЕУ ЛЕАДЕР пристапот, со надеж дека овој пристап ќе стане реалност и кај нас и ќе донесе позитивни придибивки за заедницата.



# НАСТАНИ

## Гласовите на женската рурална поезија

Третата поетска збирка, од серијата „Балканска женска поезија“, е спремна за читање, прераскажување и препрочитување.
„Не кажувај никому“ е првата книга на македонски јазик на фантастичната турска поетеса Гонџа Озмен, во издание на ЛАГ Агро Лидер, поддржано од READ-Regional Network for Cultural Diversity




## "Experience(d) Youth Work"

Обука за младински работници во рамките на проектот "Experience(d) Youth Work" спроведуван од организацијата Associazione InCo Италија во партнерство со организации од 7 европски држави - Полска, Естонија, Белгија, Турција, Грција, Ерменија и Македонија со поддршка на Еразмус+ програмата.




Welcome!
TEATRO PLAYBACK

**Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР**

**Адреса: Маршал Тито 92, Кривогаштани**

**Контакт**

**+ 389 48 618 949**
**+ 389 75 340 739**

**Email: lagagrolider@gmail.com**

**http://www.lagagrolider.mk/**

**https://www.facebook.com/lagagrolider**